д-р Милутин Перовиќ истакнувајќи го значењето на досегашните симпозиуми за унапредувањето на наставата по историја.

На крајот југословенската комисија за наставата по историја одржа состанок и изврши анали за на работата. Се заклучи X симпозиум да се одржи во рамките на VIII конгрес на историчарите на Југославија.

За да станат достапни на сите историчари, материјалите од Симпозиумот ќе се отпечатат, како и досега, во списанието „Настава по историја" бр. 1 и 2 од 1983 година.

Наум ДИМОВСКИ

## СОВЕТУВАЊЕ ЗА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА ВО ТЕТОВО

Во соработка со Заводот за унапредување на претшколското и основното образование и воспитување на општина Тетово и Друштвото на историчарите на општина Тетово, на 18. XII 1982 година во Тетово се одржа советување со членовите на Друштвото на историчарите. На советувањето присуствуваа сите настав ници по историја во основните училишта и во училиштата од насоченото образование. За член ството на друштвото беа разработени следните теми:

— Заедништвото кај југословенските народи како воспитна компонента во наставата по историја-предавач проф. д-р Војо Кушевски;

— Современото работничко и комунистичко движење во светот -предавач м-р Никола Чинго и

— Новата наставна програма по историја и нејзината реализација-предавач Наум Димовски.

Предавањата побудија особен интерес кај слушателите. По секое предавање се разви широка дискусија за одредени прашања и проблеми со кои секој наставник се среќава во практиката.

Особено со големо внимание беше проследено предавањето на тема: Современото работничко и комунистичко движење во светот.

По завршувањето на советувањето сите присутни го изразија мислењето дека ваквите средби се особено корисни пред сè заради фактот дека просветните работници на нив наоѓаат одговор на редица прашања со кои се среќаваат во практиката.

Слушателите покренаа повеќе прашања и во врска со наставата по историја, односно сите се заложија наставата по историја во образованието да има општо југословенска програма.

Ќирко ТРПКОВСКИ

# XVI ЗАСЕДАНИЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКО-ЧЕХОСЛОВАЧКАТА КОМИСИЈА ПО ИСТОРИЈА И НЕЈЗИНИОТ НАУЧЕН СОБИР „ЕКОНОМСКИТЕ, СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕТНИЧКИТЕ ПРОМЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА ОД XVI ДО СРЕДИНАТА НА XVIII ВЕК".

XVI заседание на Југословенско-чехословачката комисија по историја (понатаму Комисија) успешно се одржа од 12 до 16 октомври 1981 година во Скопје. Во зградата на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) заседанието беше свечено отворено од потпретседателот на Организациониот одбор, проф. Методија Соколоски и од претседателите на југословенската и чехословачката секција на оваа комисија д-р Никола Петровиќ и д-р Владислав Штјастни. При отворањето, тие истакнаа дека XVI заседание на Комисијата и научниот собир кој се одржува во неговите рамки, има свое значење за конституираната дејност на Комисијата и за одржување и проширување на соработката меѓу историчарите од обете земји. За Сојузот на историските друштва на Македонија е значајно дека тој редовно дава свој важен придонес во развојот на таа соработка. Покрај другото, Сојузот учествуваше во организирањето заедно со компетентните фактори на Републиката (во последните 4-5 години) на две заседанија на оваа комисија, на два научни собири, во издавањето на еден зборник на реферати од нив, итн.

При свеченото отворање, во присуството на бројни научни и општествено-политички работници, заседанието го поздрави претседателот на Републичката комисија за културни врски со странство Матеа Матевски и претседателот на Собранието на град Скопје, Трајко Апостолоски. Тие им пожелаа на научните работници од ЧССР и СФРЈ, како и на Комисијата успешна и плодна работа.

Во рамките на научниот дел на XVI заседание на Комисијата се одржа научен собир на тема: Економските, социјалните и етничките промени на територијата на Југославија и Чехословачка од XVI до средината на XVIII век". На оваа тема ги изнесоа резимеата од своите реферати и соопштенија следните научни работници: Павел Хорват: Стопанските и социјалните промени во територијата на Словачка од XVI до средината на XVIII век; Методија Соколоски: Етничките промени во Македонија во XVI век; Јосип Адамчек: Основни обележја на стопанско-општествениот развој на Хрватска од XVI до средината на XVIII век; Квјета Кучерева: Етничките промени во Словачка од XVI до средината на XVIII век; Бошко Бабиќ: Културните, уметничките и општествено-политичките прилики во Прилеп и неговата околина; Александар Матковски: Бунтовна положба во Македонија во средината на XVIII век; Јарослав Панек: Стопански, општествени и народни промени во чешките земји во XVI и во почетокот на XVII век. (Прочита Ј. Жемличка); Авдо Суќеска: Обиди на муслиманската раја во Босна да се ослободи од раинскиот статус во XVIII век;

Антон Хегедиш: Прашањето на кметството во Банат кон крајот на XVIII век; Бранко Панов; Кои некои прашања за класната и ослободителната борба на македонскиот народ во првите векови на османлиското владеење; Мирослав Тоегел: Државно-правни, општествени и стопански про мени во чешките земји во периодот по Била Хара. (Прочита Владислав Штјастни); Адела Ханџиќ: Структура друштва у Босни почетком XVII века; Александар Стојановски: Промени во сопственичките односи на раинската земја во Македонија во XVI век; Франц Шебјаниќ: Кореспондентни извори за проучување на стопанските и социјалните услови во Североисточна Словенија во XVIII век; Ванчо Бошков: Турски документи за односот на католичката и православната црква во Босна и Херцеговина и Далмација во XVI и XVII век; Едуард Маур: Демографски развој на чешките земји во периодот по Била Хора. (Прочита М. Шестак); Нијази Лимановски: Етничките промени во Македонија од XVI до средината на XVIII век со по себен акцент врз исламизацијата на дел од Македонците; Гулдерен Јусуф: Ширењето на исламот во областа Гора; Михајло Миновски: Политичките врски на Македонија со Чешка во двете последни децении на XVI век.

Во богатата и содржајна дискусија учествуваа сите учесници на собирот.

На 14 октомври 1982 година се одржа интерно заседание на Комисијата (В. Штјастни, М. Шестак, К. Кучерова и Ј. Жемличка; Петровиќ, Х. Матковиќ. Р. Поплазаров, Т. Стојков, А. Суќеска и А. Хегедиш). На ова заседание беа разгледани од порано поставените и новите организациони задачи на Комисијата и беа дадени оценки за работата на научниот собир. Присутните членови на југословенската и чехословачката секција го оценија научниот собир на Комисијата како мошне успешен. Во врска со тоа Комисијата им изрази искрена благодарност на претседателите на Организациониот одбор, на проф. д-р Јован Стојановски, на проф. д-р Александар Андреевски, на акад. Михаило Апостолски — претседател на МАНУ, на Матеа Матевски — претседател на Републичката комсиија за културни врски со странство, на Трајко Апостолски — претседател на Собранието на град Скопје, на Републичката заедница за наука, на Институтот за национална историја — Скопје и на другите членови на Организациониот одбор.

При оценувањето на резултатите на научниот дел на XVI заседание Комисијата констатира дека темата беше мошне погодно избрана, дека рефератите, корефератите и дискусијата беа на високо научно ниво. Сите реферати и соопштенија настојуваа да ги објаснат специфичните и општите каракеристики на економскиот, социјалниот и етничкиот развој на народите на Југославија и Чехословачка од XVI до XVIII век. Од работата на научниот собир произлезе дека без оглед на специфичностите и посебностите на одделни области и нивниот нерамномерен развој, утврдуваме заеднички карактеристики на историскиот развој кој има и општи важности.

Заклучоците на поднесените реферати недвосмислено ја потврдуваат полезноста на напорите за компаративен пристап кон проучувањето на историјата на нашите народи и поттикнуваат кон проширување и продлабочување на меѓусебната научна соработка меѓу југословенската и чехословачката марксистичка историска наука. Научниот собир течеше во пријателска и творечка атмосфера. Беа прочитани резимеа на 19 реферати и соопштенија. Дискутираа сите референти и други учесници на научниот собир. Дискусијата беше мошне плодна и придонесе да се доразјаснат некои прашања покренати во рефератите.

Комисијата, имајќи го предвид високото научно ниво на поднесените материјали на научниот собир на XVI заседание, препорачува да се публикуваат во посебен зборник, кој уште повеќе ќе им ја зголеми научната вредност.

Комисијата ги разгледа заклучоците на XVI заседание одржано во Мартин (Чехословачка) од 1981 година и констатира дека зборникот на реферати од XIII заседание е публикуван во 1982 година од Институтот за чехословачка и светска историја. За тоа Комисијата му изразува на овој Институт голема благодарност. Комисијата со задоволство ја прими информацијата дека во март 1982 година во Институтот за национална историја во Скопје беше промовиран зборникот на реферати од XII заседание на Комисијата под наслов: **Минхенскиот договор и југословенските и чехословачките народи“.** Пред бројна публика, по тој повод, д-р Никола Петровиќ изјави свечено дека XVII заседание на Комисијата ќе се одржи во ЧССР во септември или во октомври 1983 година. Научниот дел од заседанието ќе му биде посветен на тема: **Идејниот развој на Чесите, Словаците и на југословенските народи од средината на XVIII век до револуцијата во 1848-49 година.“** Рефератите треба да бидат посветени на социјалната, политичката, културната и националната проблематика.

Комисијата реши оваа проблематика во периодот од 1848-49 до 1914 година да биде тема на научниот дел на XVIII заседание што ће се одржи во СФРЈ.

Комисијата ќе ја разгледа можноста за темата на научниот дел на XIX заседание што би можела да биде поврзана со 40-годишнината од победата над фашизмот.

Ристо ПОПЛАЗАРОВ

## ЗА ПОДОБРО ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ИСТОРИЈАТА И ГЕОГРАФИЈАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА И ПОЛСКА

(Од работата на Југословенско-полската комисија за анализа на учебниците по историја и географија)

Во рамките на меѓународната просветно-културна и техничка соработка, а во согласност со програмата за реализација на До-